Република Северна Македонија
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
Центар за култура
„Десет Дена Крушевска Република" Крушево
Бр. 04-90/2
19.10 2026 год
Крушево

Национална Установа Центар за Култура
„Десет Дена Крушевска Република" - Крушево
Ул.„Никола Карев"бр. 62, Крушево
Тел: +389 (0) 76- 22-98-55
Email: desetdenakrusevska@gmail.com

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2005, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/2010, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), член 3 и член 20-г од Законот за вработените во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување како и начинот на бодување на давателите на јавни услуги во културата и помошно техничките лица во НУ Центар за култура „Десет Дена Крушевска Република" - Крушево број 02-55/2 од 26.05.2026 година, одредбите од Правилникот за задолжителни елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.242/24), Известувањето од Министерството за финансии на Република Северна Македонија за обезбедени финансиски средства број 19-7566/2 од 02.10.2026 година и Одлуката за објавување на јавен оглас за вработување на неопределено време бр.04-90/1 од 19.10.2026 година, Националната установа Центар за култура„Десет Дена Крушевска Република" - Крушево објавува

ЈАВЕН ОГЛАС БР. 3/2026
за вработување на работник на неопределено време

1. КУЛ 0401 А02 007 - Друг одговорен сценски работник - 1 (еден) извршител

Распоред на работно време: Работни денови: понеделник-петок; Работни часови неделно: 40 (четириесет) часа, работно време од 08:00 до 16:00 часот.
Паричен нето износ на основна плата: 44.638,00 денари без минат труд

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните посебни услови:
- да имаат завршено средно образование;
- со или без работно искуство во струката

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови: да е државјанин на Република Северна Македонија; активно да го користи македонскиот јазик; да е полнолетен; да има општа здравствена состојба за работното место и со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Пријавата за вработување треба да содржи: податоци за кандидатот (име и презиме, единствен матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон, припадност на заедница); кратко мотивационо писмо; кратка биографија; изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно; изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно.

Пријавата која кандидатот треба да ја пополни може да ја превземе од веб страната на НУ ЦК „Десет Дена Крушевска Република" - Крушево www.10denakrushevskarepublika.com или да ја

CamScanner

Национална Установа Центар за Култура
„Десет Дена Крушевска Република" - Крушево
Ул.„Никола Карев"бр. 62, Крушево
Тел: +389 (0) 76- 22-98-55
Email: desetdenakrusevska@gmail.com

подигне од архивата на Центарот за култура секој работен ден од понеделник до петок во периодот од 09.00-15.00 часот.

Покрај пријавата и посочените прилози, кандидатите за вработување треба да приложат и:

- Уверение за државјанство (не постаро од 6 месеци);
- Диплома/Уверение за завршено образование;
- Доказ за работно искуство во струката (доколку е наведено во посебните услови);
- Потврда дека на кандидатот не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност (не постаро од 6 месеци) и
- Лекарско уверение за општата здравствена состојба на кандидатот (не постаро од 6 месеци).

Сите документи треба да бидат доставени во оригинал или копии заверени на нотар.

Рок за доставување на пријавата за вработување: 3 (три) работни дена, сметајќи од денот на неговото објавување во дневните весници и веб страната на институцијата.

Пријавите со сите потребни документи, кандидатите треба да ги достават до Архивата на НУ ЦК „Десет Дена Крушевска Република" - Крушево или по пошта во затворен плик со назнака **„за јавен оглас бр.3/2026" на адреса „Никола Карев" бр.62, 7500 Крушево,Република Северна Македонија.**

Постапката за селекција при вработување се состои од: административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и интервју.
Кандидатите кои успешно ја поминале административната селекција имаат право да продолжат на интервјуто и ќе бидат контактирани за времето и местото на одржувањето на интервјуто.
Кандидатите кои доставиле лажни податоци се дисвалификуваат од понатамошна постапка.
За резултатите од конкурсот кандидатите ќе бидат известени по писмен пат.
Некомплетни и ненавремени поднесени пријави и документи нема да се разгледуваат.

Национална установа Центар за култура
„Десет Дена Крушевска Република" - Крушево
вд директор,
м-р Захарија Ангелеска